РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ВУК КАРАЏИЌ"
Бр. 04-21/8
26. 12. 25

Општинско основно училиште Вук Караџиќ Куманово
Ул. Браќа Филиповиќ бр. 17 Куманово
Тел/фах 0038131424314; ou-vukkaradzhikj-kumanovo@schools.mk

Врз основа на член 11 и член 45 од Закон за административни службеници („Сл.Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и („Сл.Весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на (1) еден извршител административен службеник по јавен оглас бр. 948/2025, бр. 10-1933/16 од 25. 12. 2025 година со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 948/2025 на Агенцијата за администрација, Директорот на ООУ„Вук Караџиќ" - Куманово на ден 26. 12. 2025 година донесе:

## ОДЛУКА
## За избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр. 948/2025

**1**. На јавниот оглас бр. 948/2025 за вработување на административен службеник на работно место со шифра ОБН 01 02 В01 001, со звање назив Советник за општи и нормативни правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба за ООУ „Вук Караџиќ" - Куманово, се избира кандидатот **Жаклина Масевска со идентификациски код 17D1BF5.**
**2**. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука Директорот на ООУ „Вук Караџиќ Куманово донесува решение за вработување.
**3.** Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација .

### Образложение

Директорот на ООУ „Вук Караџиќ" - Куманово до Агенцијата за администрација на ден 16. 7. 2025 година поднесе барање бр.04-21/2 за објавување на јавен оглас за вработување на (1) еден извршител административен службеник.

По објавување на јавниот оглас бр. 948/2025 на ден 4. 8. 2025 година во дневните весници „Слободен печат", „Вечер" и „Коха", формирана е Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1933/9 од 21.11.2025 година со измени и дополнување

бр.10-1933/13 од 24. 12. 2025 година во функција на спроведување на селекција за административен службеник.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување – административна селекција, за што состави Записник бр.10-1933/10 од 11.12. 2025 година.

На ден 22.12.2025 година Комисијата ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување - испит за административен службеник за што состави Записник бр.10-1933/12 од 22.12. 2025 година.

На ден 24.12.2025 година се спроведе третата фаза со проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за што е составен Записник бр.10-1933/14 од 24.12 .2025 година.

Постапувајќи во согласност со член 42 став 7 од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас подготви Конечна ранг листа од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до ООУ Вук Караџиќ – Куманово доставен е Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 948/2025,бр.10-1933/16 од 25.12. 2025 година.

Во Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас 948/2025 за работно место Советник за општи и нормативни правни работи – Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи, Административна служба за ООУ „Вук Караџиќ“ - Куманово, се предлага кандидатот Жаклина Масевска со идентификациски код 17D1BF5.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката за избор,незадоволниот кандидат има право на жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

-Кандидатот

-Агенција за администрација

-Архива

Директор

Ивица Ѓоргиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВУК КАРАЏИЌ“ КУМАНОВО